Д 31.3.75
2693 Централна правосулна книжница
Врховног содишча СР Словеније
61000 ЉУБЉАНА
ул. "Товчарјева" бр.9

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Среда, 26 март 1975
Скопје
Број 10 Год. XXXI

Претплатата за 1975 година изнесува 300 динари. Овој број чини 3 дин. Жиро сметка 40100-601-128

89.

Врз основа на член 14 од Законот за Советот на Републиката, Советот на Републиката, на својата Прва седница, одржана на 24 февруари 1975 година, донесе

## ПРИВРЕМЕН ДЕЛОВНИК НА СОВЕТОТ НА РЕПУБЛИКАТА

### I. ОПШТА ОДРЕДБА

Член 1

Со овој привремен деловник се утврдува начинот на работа на Советот на Републиката (во натамошниот текст — Советот).

### II. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ

Член 2

Членовите на Советот имаат право и должност да присуствуваат и да учествуваат во работата на седницата на Советот.

Член 3

Членовите на Советот можат, со нивна согласност, да бидат избирани или именувани во работните тела на Собранието на СРМ, Претседателството на СРМ, Извршниот совет на Собранието на СРМ и во општествено-политичките и општествените организации, или да им се довери вршење на други задачи и работи.

Член 4

Членовите на Советот се известуваат за прашањата од значење за соработката со другите социјалистички републики, со социјалистичките автономни покраини, како и за другите прашања од значење за вршење на функцијата член на Советот.

Правото на членовите на Советот да бидат известувани за прашањата од значење за вршењето на функцијата на член на Советот се остварува преку информативните документациони и други материјали, што ќе ги обезбедува Службата на Претседателството непосредно или преку републичките органи и организации.

Член 5

На членовите на Советот на Републиката им се издава легитимација.

Покрај податоците за идентитетот на членовите на Советот, легитимацијата содржи и одредби за остварување правото на бесплатен превоз во јавниот сообраќај со определени средства на јавниот сообраќај, според прописите што важат за делегатите во Собранието на СР Македонија.

Легитимациите ги потпишува претседателот на Претседателството на Републиката.

За издавањето на легитимациите и за евиденцијата за издадените легитимации се грижи секретарот на Советот на Републиката.

### III. РАБОТА НА СОВЕТОТ

#### 1. Подготвување и свикување на седници

Член 6

Седниците на Советот на Републиката ги свикува и на нив претседава претседателот на Претседателството на Републиката.

Претседателот на Претседателството на Републиката седниците на Советот ги свикува по своја иницијатива или по заклучок на Претседателството на Републиката.

Претседателот на Претседателството на Републиката свикува седница на Советот и по предлог од 10 членови на Советот.

Член 7

Поканата за седница на Советот, со предлогот на дневниот ред, им се доставува на членовите на Советот најдоцна десет дена пред денот определен за одржување на седницата.

Со поканата за седницата на членовите на Советот им се доставува и соодветен материјал по прашањата што се предложени за дневен ред на седницата.

Член 8

Дневниот ред за седницата на Советот го предлага претседателот на Претседателството на Републиката и се утврдува на седницата на Советот.

Член 9

Според прашањата што се предлагаат во дневниот ред за седницата на Советот, претседателот на Претседателството може да покани на седницата претставници на соодветни органи и организации.

#### 2. Работа на седницата

Член 10

Советот работи и утврдува ставови и предлози на седница со мнозинството на гласови на неговите членови.

Член 11

Во случај на отсутност на претседателот на Претседателството на седницата претседава членот на Претседателството на Републиката што го заменува претседателот на Претседателството.

Член 12

За работата на седницата на Советот се води записник.

Записникот ги содржи: дневниот ред на седницата, имињата на лицата што по покана присуствуваат на седницата и ставовите и предлозите утврдени по одделни прашања.

Издвоено мислење на член на Советот по одделно прашање ќе биде внесено во записникот, по негово барање.

Записникот го потпишуваат претседавачот на седницата и секретарот на Советот.

Член 13

За работата на седницата на Советот се водат стенографски белешки, кои се составен дел на записникот.

Секој член на Советот има право да го прегледа своето излагање и во него да изврши редакциски исправки.

Член 14

Изводи од записникот или од стенографските белешки можат да им се доставаат на одделни органи и организации, по потреба, заради нивно запознавање со ставовите, предлозите и мислењата на Советот.

Член 15

За составување и чување на записникот и за чувањето на стенографските белешки се грижи секретарот на Советот.

Член 16

Советот на почетокот на секоја седница го потврдува записникот од претходната седница.

Право да стави забелешка на записникот има секој член на Советот и усвоените забелешки се внесуваат во записникот.

Член 17

По утврдување на дневниот ред, Советот преминува на разгледување на одделни прашања, според редот утврден во усвоениот дневен ред.

По завршеното разгледување на одделни прашања, во зависност од карактерот на прашањето, Советот може да утврди свои ставови и предлози.

Член 18

За своите ставови и предлози по одделни прашања што ги утврдува на седниците, Советот го известува Собранието на СРМ.

## IV. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА

Член 19

Советот ја известува јавноста за својата работа со давање информации на печатот и на другите средства за јавно информирање.

Претставниците на печатот и другите средства за јавно информирање можат да присуствуваат на седниците, освен ако Советот не одлучи поинаку.

Советот определува кои податоци и материјали, подготвени за разгледување на седниците на Советот или изнесени на тие седници, се чуваат како тајна односно кои податоци и материјали можат да се објават по истекот на определено време.

## V. НАДОМЕСТОК НА ЧЛЕН НА СОВЕТОТ

Член 20

Функцијата на член на Советот е почесна.

На членовите на Советот кои не остваруваат личен доход или надоместок на личниот доход по друг основ, им припаѓа надоместок според општите прописи и актите на Претседателството на Републиката.

Членовите на Советот имаат право на надоместок на патни и дневни трошоци во врска со вршењето на своите функции, како и право на превоз со определени средства на јавниот сообраќај, според прописите што важат за делегатите во Собранието на СРМ.

## VI. СЕКРЕТАР НА СОВЕТОТ

Член 21

Советот има секретар.

Секретарот на Советот го именува Претседателството на СРМ на време од 4 (четири) години.

Член 22

Секретарот се грижи за обезбедување на материјали потребни за работа на Советот, како и за обезбедување на информативни и документациски материјали потребни за вршење на функција на член на Советот.

Секретарот ги врши работите во врска со подготвувањето на седниците на Советот, според упатството на претседателот на Претседателството на Републиката.

Член 23

Наредбодавец за користење на средствата за работа на Советот е секретарот на Советот.

Секретарот во поглед на работните односи има право и должност на функционер кој раководи со републичките органи на управата.

## VII. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

Член 24

Советот има печат.

Печатот на Советот во средината има грб на Социјалистичка Република Македонија. Околу него е текстот: „Социјалистичка Република Македонија, — СОВЕТ НА РЕПУБЛИКАТА“, а на средината на печатот — „Скопје“.

## VIII. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 25

Привремениот деловник влегува во сила со донесувањето, а ќе важи до донесувањето на Деловник за работа на Советот на Републиката.

Број 25
3 март 1975 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Видое Смилевски,** с. р.

---

**90.**

Врз основа на член 43 став 2 од Законот за радиодифузијата („Службен весник на СРМ“ бр. 20/70), а во врска со член 5 од Законот за општествена контрола на цените („Службен весник на СРМ“ бр. 25/72), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

# ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА РАДИОДИФУЗНИ ПРИЕМНИЦИ

1. Се дава согласност на Одлуката за висината на надоместокот за користење на радиодифузни приемници донесена од Работничкиот совет на Радио-телевизија Скопје, бр. 02-4551/1 од 4. XII. 1974 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1 април 1975 година.

Бр. 12-348/1
25 февруари 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов, с. р.**

---

**91.**

Врз основа на член 28 од Законот за заштита од елементарни непогоди и други општи опасности („Службен весник на СРМ“ бр. 5/72), Извршниот совет донесува

# РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ, СЕКРЕТАР И ЧЛЕНОВИ НА РЕПУБЛИЧКАТА КОМИСИЈА ЗА ПРОЦЕНА И УТВРДУВАЊЕ НА ШТЕТИ ОД ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ И ДРУГИ ОПШТИ ОПАСНОСТИ

I. Во Републичката комисија за процена и утврдување на штети од елементарни непогоди и други општи опасности се именуваат:

а) за претседател
инж. Јован Цветковски, потсекретар во Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство;
б) за секретар
м-р Бранко Живковиќ, советник во Републичкиот секретаријат за финансии;
в) за членови:
1. инж. Илија Илиевски, самостоен референт за оперативни работи во Републичкиот секретаријат за народна одбрана;
2. Дојчин Кочовски, советник во Републичкиот завод за цени;
3. Ангел Лазаревски, директор на Републичкиот хидрометеоролошки завод;
4. инж. Велко Сапунџиев, главен инспектор во Републичкиот секретаријат за индустрија и трговија;
5. д-р Данаил Симовски, на работа во Републичкиот секретаријат за здравство и социјална политика;
6. инж. Никола Србиновски, советник за заштита на човековата средина во Републичкиот секретаријат за урбанизам, станбени и комунални прашања;
7. Бранко Стојчевски, помошник директор на Републичкиот завод за статистика;
8. дипл. екон. Никола Чаушевски, директор на Секторот за осигурување во Дирекцијата на ОЗ „Македонија“ — Скопје.
II. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-431/1
25 февруари 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов**, с. р.

---

**92.**

Врз основа на член 105 став 2 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на СРМ“ бр. 45/72 и 31/74), републичкиот секретар за внатрешни работи донесува

## ПРАВИЛНИК
## ЗА РАБОТИТЕ ШТО СЕ ВО СПРОТИВНОСТ СО СЛУЖБЕНАТА ДОЛЖНОСТ НА РАБОТНИК НА ОРГАН ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Член 1

Спротивни со службената должност на работник на орган за внатрешни работи се:
— работите што спаѓаат во надлежност на орган за внатрешни работи кога тие се вршат неслужбено заради задоволување интересите и потребите на граѓаните, организациите на здружениот труд и другите организации и заедници и органите;
— работите на посредување при остварувањето на одделни права од граѓани, организации на здружениот труд и други организации и заедници и органи кај органите за внатрешни работи, ако тие се вршат за материјална корист;
— работите, што поради својата природа имаат сличности со работите што спаѓаат во надлежност на органите за внатрешни работи; и
— работите што очигледно го штетат угледот на органите за внатрешни работи.
Како работи од став 1 алинеја 3 на овој член се работи:
1. Проценка на штета на оштетени моторни возила во сообраќајни незгоди или во други несреќи;
2. Осигурување на моторни возила;
3. Обезбедување на возила во меѓуградски, приградски или градски патен сообраќај со кој се превезуваат товари;
4. Паркирање на простори за паркирање;
5. Придружба на возила што превезуваат експлозив, запаливи течности или други опасни материи;
6. Придружба на превоз на предимензионирани товари или самоодни тешки машини;
7. Проектирање на објекти или сообраќајници или други работи во врска со проектирање и прием на објекти, ако во тие работи органите за внатрешни работи имаат соодветна надлежност — комисии за технички прием, колаудациони комисии и слично;
8. Договарање набавки на опрема за сметка на организации на здружен труд и други организации што по законот вршат определени работи од областа на внатрешни работи — технички преглед на моторни возила, атестирање на возила, противпожарна и друга опрема и слично;
9. Подготвување кандидати за возачи на моторни возила и за управување со трактори;
10. Обезбедување на општествени и приватни објекти и имоти;
11. Вршење на редарски или контролорски работи на спортски, културни и други приредби и манифестации;
12. Чување на ловишта, рибници, плантажи на овошје и друго;
13. Обезбедување на физички лица или собирање податоци и известувања за сметка на тие лица;
14. Самостојно обавување на угостителска дејност или обавување на таква дејност врз основа на договор;
15. Учествување во музички оркестри во угостителски објекти, свадби и слично; и
16. Вршење на превознички и такси услужувања.
Како работи од став 1 алинеја 4 на овој член се работите:
1. Вршење на земјоделски, сточарски, занаетчиски, трговски, угостителски, услужни и други слични работи во униформа на милицијата;
2. Продажба на земјоделски, сточарски, занаетчиски и други стоки на јавни места или по куќи; и
3. Управување со запрежни возила или водење односно терање на добиток на пат во униформа на милицијата.

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 05-296
5 март 1975 година
Скопје

Републички секретар
за внатрешни работи,
**Мирко Буневски**, с. р.

---

**93.**

Врз основа на член 166 став 5 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на СРМ“ бр. 49/74), републичкиот секретар за внатрешни работи донесува

## ПРАВИЛНИК
## ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ЗАПРЕЖНИТЕ ВОЗИЛА

Член 1

Со овој правилник се пропишува постапката за регистрација на запрежните возила (возило), формата, големината и начинот на поставувањето на регистарските таблици, образецот на потврдата за регистрација и начинот на водењето на евиденцијата за регистрираните возила.

### 1. Постапка за регистрација

Член 2

Регистрација на возило се врши со упис во пропишана евиденција на регистрирани возила на начин определен со овој правилник.

Возилото се регистрира на име на сопственикот односно носителот на правото на користење на возилото (имател на возилото).

Возилото што е сопственост на повеќе лица, се регистрира спогодбено на име на едно од тие лица.

Член 3

Регистрацијата на возилото се врши по барање на имателот на возилото.

Барање за регистрација на возилото се поднесува на образец бр. 1 — Регистрационен лист за запрежно возило (образец бр. 1).

Член 4

По приемот на барањето за регистрација надлежниот општински орган на управата утврдува дали возилото ги исполнува пропишаните услови за регистрација и според наодот го регистрира возилото или го одбива барањето за негова регистрација.

Член 5

Регистрацијата нема да се изврши ако возилото не одговара на техничките и други услови пропишани за запрежните возила во сообраќајот на пат.

Член 6

При промена на имателот на возилото новиот имател е должен да изврши повторна регистрација во рок од 30 дена од денот на настанатата промена. Барањето за повторната регистрација се поднесува на образец бр. 1.

Ако промената на имателот на возилото е извршена на подрачјето на иста општина, надлежниот општински орган на управата ја евидентира промената, ја одзема старата и издава нова потврда за регистрација, а ако при тоа е променета и општината, постапува според одредбите од член 7 ст. 2 и 3 на овој правилник.

Член 7

Имател на возило, кој промени живеалиште односно пренесе седиште од една општина во друга, должен е во рок од 30 дена да изврши повторна регистрација на своето возило кај надлежниот општински орган на управата на чие подрачје се населил односно го пренел седиштето.

Надлежниот општински орган на управата должен е да изврши повторна регистрација на возилото од претходниот став при што ја одзема старата потврда за регистрација и старата регистарска таблица и издава нова потврда за регистрација и нова регистарска таблица.

Органот од претходниот став е должен за повторната регистрација да го извести органот што порано го регистрирал тоа возило и да ја уништи старата регистарска таблица.

Член 8

Ако регистрирано возило исчезне, биде уништено или стане неупотребливо за сообраќај на пат, имателот на возилото е должен да го одјави возилото кај органот што го регистрирал.

Одјавата се поднесува на образец бр. 1 во рок од 30 дена од денот кога настанала причината заради која се одјавува возилото.

**2. Потврда за регистрација и регистарска таблица**

Член 9

На имателот на возилото се издава потврда за регистрација на образец бр. 2 — Потврда за регистрација на запрежно возило (потврда).

Член 10

Ако потврдата се загуби, уништи или оштети така да стане неупотреблива, имателот на возилото е должен да побара од органот што го регистрирал возилото да му се издаде нова потврда. Новата потврда се издава под исти реден број како и порано издадената потврда.

Член 11

Формата и големината на регистарската таблица, буквите и цифрите на неа се утврдени на цртежите 1 и 2.

Буквите и цифрите на регистарската таблица се напишани со црна боја.






Член 12

Ако регистарската таблица се загуби, биде уништена или исчезне или ако заради дотрајаност стане неупотреблива, имателот на возилото е должен да побара од органот што го регистрирал возилото да му издаде нова таблица. Новата таблица се издава под нов регистарски број.

**3. Евиденција за регистрирани возила**

Член 13

За регистрирани возила се води регистар за запрежни возила (регистар). Регистарот ги содржи особено следните рубрики: реден број, регистарски број на возилото, вид на возилото (едно или двоосовинско) и презиме и име односно назив на имателот на возилото.

Член 14

Возило се брише од евиденцијата за регистрирани возила: ако биде извршена повторна регистрација од друг надлежен општински орган на управа или ако имателот на возилото го одјави возилото.

**4. Казнени одредби**

Член 15

Со парична казна од 200 до 1000 динари ќе се казни за прекршок организација на здружениот труд или друго правно лице ако не изврши повторна регистрација во определениот рок (член 6 став 1 и член 7 став 1).

За прекршокот од претходниот став ќе се казни со парична казна од 100 до 300 динари и одговорното лице во организацијата на здружениот труд или во другото правно лице.

Член 16

За прекршокот од член 15 на овој правилник ќе се казни и сопственикот на возилото со парична казна од 100 до 300 динари.

**5. Преодни и завршни одредби**

Член 17

Потврдата се печати во организација на здружениот труд што ќе ја определи надлежниот општински орган на управата и не може да се пушта во слободна продажба.

Член 18

Обрасците бр. 1 и 2 се отпечатени кон овој правилник и се негов составен дел.

Член 19

Со влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за регистрација на запрежни возила („Службен весник на СРМ" бр. 9/72).

Член 20

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 05-2074/1
3 март 1975 година
Скопје

Републички секретар
за внатрешни работи,
**Мирко Буневски**, с. р.

Образец бр. 1

РЕГИСТРАЦИОНЕН ЛИСТ ЗА ЗАПРЕЖНО ВОЗИЛО

Регистарски број на возилото

____________________

Регистрационен лист поднесувам заради*

А. Регистрација на возилото

Б. Повторна регистрација заради промена на имателот на возилото

В. Повторна регистрација заради промена на живеалиштето односно пренесување седиштето на имателот на возилото во друга општина

Г. Одјава на возилото

Податоци за имателот на возилото

1. Презиме и име — назив __________
2. Занимање односно стопанска дејност __________
3. Место и адреса на станот — седиштето __________
4. Назив на органот што порано го регистрирал возилото (се пополнува само во случаи на промена на живеалиштето односно седиштето) __________
5. Презиме и име — назив, место и адреса на станот — седиштето на поранешниот имател на возилото (се пополнува само во случаи на промена на имателот на возилото) __________
6. Причина заради која се одјавува возилото (се пополнува само во случаи на одјава) __________

______ 19— година Потпис на подносителот
во __________ на барањето
__________

Штембил на органот

Реден број на регистарот ______

Го пополнува органот кој го регистрира возилото

Врз основа на поднесениот регистрационен лист извршена е*

А. Регистрација на возило

Б. Повторна регистрација заради промена на имателот на возилото

В. Повторна регистрација заради промена на живеалиштето односно седиштето на имателот на возилото во друга општина

Г. Одјава на возилото

Возилото е заведено во регистарот за регистрирање на запрежни возила под број ______.

За возилото е издадена регистарска таблица __________ и потврда за регистрација на запрежното возило

Број ______ Потпис на службеното лице
______ 19— година __________

Потврдувам прием на наведената регистарска таблица и потврда за регистрација.

______ 19— година
во __________

Потпис на примателот
__________

Образец бр. 2
(големина 8 x 12 см. боја црвена)

(втиснат грб)

СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

П О Т В Р Д А

за регистрирано запрежно возило
Регистарски број
__________

Презиме и име односно назив на имателот на возилото __________.

Адреса на имателот на возилото __________

Назив на органот кој ја извршил регистрацијата и ја издал потврдата __________.

Број ______

______ 19— година

Потпис на службеното лице
__________

(МП)

________

* да се заокружи буквата пред соодветното назначување

**94.**

Уставниот суд на Македонија, решавајќи го спорот поведен од Претпријатието за поправка на моторни возила и земјоделски машини „Агроремонт“ во Струмица во поглед на исполнувањето на условите за организирање на Деловната единица во Скопје во основна организација на здружениот труд, по одржаната јавна расправа на 25 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УТВРДУВА дека Деловната единица во Скопје на Основната организација на здружениот труд „Услужни дејности со трговија“ во Струмица во состав на Претпријатието за поправка на моторни возила и земјоделски машини и за промет со резервни делови „Агроремонт“ во Струмица не ги исполнува условите за организирање во основна организација на здружениот труд.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во Претпријатието „Агроремонт“ во Струмица на начин што во самоуправната спогодба за здружување односно во статутот на претпријатието е предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Претпријатието за поправка на моторни возила и земјоделски машини и за промет со резервни делови „Агроремонт“ во Струмица, врз основа на одлуките од собирите на работниците на Основната организација на здружениот труд „Услужни дејности со трговија“ во Струмица и на Основната организација на здружениот труд „Агроремонт“ во Кавадарци, одржани на 1 и 12 октомври 1974 година, му поднесе на Уставниот суд на Македонија предлог за поведување спор во врска со организирањето на Деловната единица во Скопје во основна организација на здружениот труд. Во предлогот се наведува дека оваа деловна единица не ги исполнува условите за организирање во основна организација на здружениот труд, затоа што не претставува работна целина и што не располага со доволно основни и обртни средства и со стручен кадар потребен за успешно работење. Подносителот на предлогот исто така смета дека одлуката за организирање на деловната единица во основна организација на здружениот труд е незаконита затоа што била донесена без претходно да е подготвена и разгледана од работниците во сите делови на претпријатието анализа на условите за организирање во основна организација на здружениот труд предвидена во членот 34 од Законот за конституирање и запишување во судскиот регистар на организациите на здружениот труд.

Во одговорот на деловната единица се оспоруваат наводите во предлогот и се истакнува дека овој дел од работната организација ги исполнува условите за организирање во основна организација на здружениот труд, затоа што претставува работна целина и што резултатот од заедничкиот труд на работниците може да се потврди како вредност на пазарот или во работната организација и врз таа основа може самостојно да се изрази. Во потврда на ваквиот став се наведува дека основната дејност на деловната единица фактично се разликува од дејноста на работната организација како целина и дека деловната единица е во добра економска и финансиска состојба.

4. На основа на податоците во писмените прилози кон предлогот и одговорот, како и доказите поднесени на јавната расправа, Судот утврди дека работниците на деловната единица во Скопје на Основната организација на здружениот труд „Услужни дејности и трговија“ во Струмица, која е во состав на работната организација „Агроремонт“ во Струмица, на собирот одржан на 10 септември 1974 година, на кој присуствувале 16 од вкупно 22 вработени, донеле одлука деловната единица да се организира во основна организација на здружениот труд под назив „Југопромет“ со седиште во Скопје. Судот потоа утврди дека деловната единица во Скопје била основана со одлука на работниците од Основната организација на здружениот труд „Услужни дејности со трговија“ во Струмица, донесена на собирот одржан на 8 февруари 1974 година и дека во неа се вработил дел од работниците на поранешното претпријатие „Монтер“ во Струмица кое било под стечај. Според одлуката за основање деловната единица врши промет на големо и мало на земјоделски производи и јужно овошје, живина, јајца, водоземци; набавка и продажба на земјоделска механизација и моторни возила; промет со гуми и гумени производи, како и промет со резервни делови за сите видови моторни возила и земјоделски машини.

Оценувајќи ги условите за организирање на деловната единица во Скопје во основна организација на здружениот труд Судот утврди дека овој дел на Основната организација на здружениот труд „Услужни дејности со трговија“ во Струмица за вршењето на својата дејност не располага со сопствени деловни простории, туку користи под наем деловни простории со кои управува друга организација на здружениот труд и тоа: една деловна просторија од 50 квадратни метри за вршење на административни работи и еден магацин во површина од 100 квадратни метри со дворно место. Судот исто така утврди дека деловната единица користи едно патничко и едно товарно возило. Според мислењето на Судот овие средства за вршење дејноста на деловната единица, не претставуваат сигурна основа за создавање такви услови за стекнување на доход кои овозможуваат остварување на општествено-економските и другите самоуправни права на работниците во деловната единица утврдени во Уставот. Судот исто така смета дека позитивните економски резултати искажани во анализата на работата на деловната единица не можат да се сметаат за аргумент за постоење на услови за остварување на општествено-економските и другите самоуправни права на работниците во деловната единица, затоа што тие не се засновани врз потрајно работење на деловната единица.

Според ставот 1 на член 57 од Законот за конституирање и запишување во судскиот регистар на организациите на здружениот труд („Службен лист на СФРЈ“ бр. 22/73) од една или повеќе основни организации на здружениот труд во состав на иста работна организација или од еден или повеќе делови на тие организации можат да се организираат нови основни организации на здружениот труд, а според ставот 2 на овој член врз организирањето на нови основни организации на здружениот труд се применуваат одредбите од овој закон за организирање на основни организации при конституирањето на работната организација. Постапката и начинот на организирањето на основни организации на здружениот труд се уредени со членот 34 од означениот закон. Така, според ставот 1 на овој член подготовките за организирање на основни организации на здружениот труд ги спроведува работно тело составено од делегати на работниците избрани во сите делови на работната организација (погони, работни единици, работни бригади, работни тимови и сл.), додека според ставот 2 од овој член работниците во секој дел на работната организација кој претставува работна целина утврдуваат дали постојат услови за организирање на основни организации по разгледувањето на анализата на тие услови составена во писмена форма и чија содржина е утврдена во ставот 3 на овој член.

Разгледувајќи ја постапката за донесување на одлуката за организирање на деловната единица во Скопје во основна организација на здружениот труд, Судот утврди дека подготовките за организирање на основна организација на здружениот труд не ги спровело посебно работно тело и дека не била составена анализа на

условите за организирање на деловната единица во основна организација на здружениот труд во смислата на членот 34 од Законот за конституирање и запишување во судскиот регистар на организациите на здружениот труд, туку била разгледана само економско-финансиска анализа на работата на деловната единица во времето од 1 март до 23 октомври 1974 година. При тоа Судот утврди дека работниците во деловната единица не повеле иницијатива за образување на посебно работно тело ниту пак за подготвување на анализа во смислата на законот, туку одлуката за организирање во основна организација на здружениот труд ја донеле без претходно да бидат запознати со ставот на работниците од другите делови во врска со организирањето на деловната единица во основна организација. Според мислењето на Судот ваквиот начин на организирање на основна организација на здружениот труд може да биде оправдан само во случаите кога другите делови на работната организација не ја прифаќаат иницијативата за образување на работно тело или пак кога работното тело не ги спроведува обврските утврдени во законот.

Со оглед на изнесеното Судот утврди дека Деловната единица во Скопје на Основната организација на здружениот труд „Услужни дејности со трговија" во Струмица не ги исполнува условите за организирање во основна организација на здружениот труд утврдени со членот 37 од Уставот на СРМ и дека одлуката за организирање на деловната единица во основна организација на здружениот труд не е донесена во постапка предвидена со членот 34 од Законот за конституирање и запишување во судскиот регистар на организациите на здружениот труд, поради што одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 80/74
25 декември 1974 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**д-р Асен Групче**, с. р.

# ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

## ЗАЕДНИЦА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

**114.**

Врз основа на член 17 став 4 и 5 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 46/72), а во врска со член 77 став 3 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување („Службен лист на СФРЈ" бр. 35/72) и член 203 точка 1 од Статутот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 28/73), Собранието на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 10 март 1975 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ВАЛОРИЗАЦИОНИТЕ КОЕФИЦИЕНТИ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ ОСТВАРЕНИ ВО ГОДИНИТЕ 1966, 1967, 1968, 1969, 1970, 1971, 1972 и 1973 НА НИВО НА ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ ОД 1974 ГОДИНА

I

Со оваа одлука се утврдуваат валоризационите коефициенти за пресметување на личните доходи остварени во годините 1966, 1967, 1968, 1969, 1970, 1971, 1972 и 1973 кои се пресметуваат во пензиската основа на осигурениците на ниво на личните доходи од 1974 година.

II

На осигурениците кои остваруваат право на пензија според одредбите од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 46/72), а пензиската основа им се утврдува со валоризација на личните доходи остварени во поранешните години на ниво на личните доходи од 1974 година, валоризацијата ќе се извршува со примена на следниве коефициенти:

| | |
|---|---|
| — за личните доходи од 1966 година | 360 |
| — за личните доходи од 1967 година | 310 |
| — за личните доходи од 1968 година | 283 |
| — за личните доходи од 1969 година | 252 |
| — за личните доходи од 1970 година | 214 |
| — за личните доходи од 1971 година | 179 |
| — за личните доходи од 1972 година | 150 |
| — за личните доходи од 1973 година | 129 |

III

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 01-315/1
10 март 1975 година
Скопје

Претседател,
**Лилјана Манева**, с. р.

**115.**

Врз основа на член 112 став 4 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 46/72), Собранието на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 10 март 1975 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА НАЧИНОТ И РОКОТ ЗА ДОКАЖУВАЊЕ НА ВРЕМЕТО ПОМИНАТО НА РАБОТА ВО ЧЛЕНСТВО НА СЕЛСКИТЕ РАБОТНИ ЗАДРУГИ, ТУТУНСКИТЕ И СТОЧАРСКИТЕ ЗАДРУГИ ЗА ПРИЗНАВАЊЕ ВО ПОСЕБЕН СТАЖ

I

Докажувањето на времето поминато на работа во членство на селските работни задруги, тутунските и сточарските задруги, што под условите од член 112 став 2 и 5 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување се смета во посебен стаж се врши на начин и во рокот пропишани со оваа одлука.

II

Постапката за докажување на посебниот стаж се покренува по барање на осигуреникот до овластената стручна служба за решавање во прв степен според местото на живеењето.

Посебниот стаж може да се докажува со сите доказни средства предвидени во Законот за општата управна постапка.

III

Во недостаток на јавни исправи, осигурениците можат да поднесат барање врз основа на изјави на сведоци да им се утврдат во посебен стаж

периодите од член 112 став 2 и 5 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување најдоцна до 31. XII. 1976 година.

По истекот на рокот од претходниот став, такви барања можат да поднесат само осигурениците кои од објективни причини биле спречени тоа да го сторат, како и лицата кои немаат својство на работник во здружениот труд ниту самостојно вршат дејност со личен труд со средства во сопственост на граѓани за која е востановено задолжително осигурување ако стекнат својство на осигуреник, но само во рок од една година од стекнувањето својство на работник во здружениот труд, односно од почетокот на вршењето на дејноста со личен труд со средства во сопственост на граѓани.

IV

Утврдувањето на фактите и спроведувањето на доказите се врши според одредбите на Законот за општата управна постапка и прописите за пензиското и инвалидското осигурување.

V

Стручната служба на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија ќе даде упатство за спроведувањето на оваа одлука.

VI

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 01-314/1
10 март 1975 година
Скопје

Претседател,
**Лилјана Манева,** с. р.

**116.**

Врз основа на член 151 став 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 46/72) и член 203 став 1 точка 6 од Статутот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 28/73), Собранието на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 10 март 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПАУШАЛНИ ИЗНОСИ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЛИЦАТА ОСИГУРЕНИ ЗА ОДДЕЛНИ ПРАВА ОД ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

I

Во Одлуката за определување паушални износи на придонесот за лицата осигурени за одделни права од инвалидското осигурување во точката I се вршат следните измени:

— во потточката а) алинеја прва се менува и гласи:

„— работниците кои работат на работно место за кое е предвидено работно време пократко од полното работно време",

— во потточката а) алинеја втора зборовите: „стручни училишта" се заменуваат со зборовите: „училиштата за средно образование",

— во потточката а) алинеја четврта зборовите: „работа по основа на граѓанско-правен однос во смисла на прописите за работните односи" се заменуваат со зборовите: „работи или задачи по основа на договор за дело по прописите за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд",

— во потточката в) во алинеја прва, втора и трета зборовите: „престанок на работниот однос" се заменуваат со зборовите: „престанување својството на работник во здружениот труд".

II

Во точките II и III од истата одлука зборовите „пензиско и" се бришат.

III

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 01-316/1
10 март 1975 година
Скопје

Претседател,
**Лилјана Манева,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — СТРУМИЦА

**117.**

Врз основа на член 98 став 1 алинеја 4 од Статутот на Заедницата на здравственото осигурување на работниците, член 17 став 3 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 5/74) и член 30 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струмица, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струмица, на седницата на Соборот на делегатите на корисниците на услугите — работници, одржана на 27 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА ОДОБРУВАЊЕ НЕГА ЗА БОЛЕН ЧЛЕН ОД ПОТЕСНОТО СЕМЕЈСТВО СО ПРАВО НА НАДОМЕСТОК НА ЛИЧЕН ДОХОД ПОРАДИ СПРЕЧЕНОСТ ОД РАБОТА НА ОСИГУРЕНИКОТ

Член 1

Осигуреното лице има право на надоместок на личен доход поради спреченост од работа за нега на болен член во потесното семејство под следните услови:

1. ако заболениот член во потесното семејство има право на здравствена заштита;
2. ако заболениот член на потесното семејство се лекува во домаќинството на осигуреникот;
3. ако осигуреникот во своето домаќинство нема возрасен член да го надгледува болниот.

Член 2

За членовите во потесното семејство може да се одобри за нега на болен член повеќе од 7 односно 15 дена најмногу до 30 дена и тоа:

1. за деца постари од 1 година а помлади од 3 години — од 16 дена до 30 дена;
2. за постари членови од 3 години — од 8 до 30 дена.

Член 3

Лекарот-поединец може да одобри за нега на болен член од потесното семејство по член 2 од оваа одлука ако кај заболениот член постои големо пореметување на општата здравствена состојба и ако оболел од следните утврдени дијагнози:

1. Абортус хабитуалис,
2. Абсцесус анеректалис пост инцизионем (за возраст над 15 дена),
3. Ацидозис диабетика (ацетон + шеќер над 150 МГ%),
4. Апоплекција церебри (кома церебри),
5. Астам кардијале кум деконзационем,
6. Атрофија (за деца до 2 години со намалена тежина над 30% од нормалата),

7. Атрофија флава хепатис,
8. Кома уремикум,
9. Кома дијабетикум,
10. Комбустиот градус II над 30% и градус над III 10%,
11. Комбустиот антебранхии етманус билатералис,
12. Комбустиот крурист ет педес билатералис,
13. Ког пулменале хроникум декопензатум,
14. Хебрис реуматика (акута),
15. Хемиплегија,
16. Идиотизмус,
17. Хипатит,
18. Ретардацио психомоторика,
19. Инфилтрацио пулмонум специфика (за деца до 7 години),
20. Менингитис специфика,
21. Миокардозис хроника декомпензата,
22. Неоплазма малигнум (сите врсти),
23. Хефритис хроника (со знаци на уремија),
24. Параплегија,
25. Полинеуритис акута,
26. Психозис маниако-депресива,
27. Психозис пост партум,
28. Шизофренија,
29. Квадриплегија,
30. Тахи-тритмија апсолута перпетуа кум декомпензационем,
31. Вициум кордис декомпензатум (сите врсти),
32. Гипсан завој со обострана екстремитетна имобилизација,
33. Гипсан завој со целосна корпорална имобилизација,
34. Обострано оболување на видот со потполни сметњи на видот,
35. Прогресивна мускулна дистрофија.

Член 4

Со денот на применувањето на оваа одлука престанува да важи Одлуката за условите и начинот на одредување нега на заболен член од потесното семејство, со право на надоместок на личен доход поради спреченост од работа на осигуреникот, бр. 02-996 од 13 јули 1973 година.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 02-1858/1
27 декември 1974 година
Струмица

Претседател,
**Најден Витларов,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — СВЕТИ НИКОЛЕ

**118.**

Врз основа на член 102 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ" бр. 21/71) и член 25 точка 9 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување, Свети Николе, Собранието на Заедницата, на седницата од 27 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗДВОЈУВАЊЕ СРЕДСТВА ВО ФОНДОТ ЗА РАЗВОЈ НА ЗДРАВСТВЕНАТА СЛУЖБА ВО 1975 ГОДИНА

I

За обезбедување финансиски средства за финансирањето на проширената репродукција во здравствените работни организации во 1975 година да се издвојуваат средства во фондот за унапредување и развој на здравствената служба во височина од 4,00% од основицата што ја сочинуваат вкупните приходи на Заедницата на здравственото осигурување.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се применува од 1 јануари 1975 година, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 01-391
6 декември 1974 година
Свети Николе

Претседател,
**Здравко Богатинов,** с. р.

**119.**

Врз основа на член 26 и 25 став 3 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 5/74) и член 25 точка 8 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Свети Николе, Собранието на Заедницата, на заедничката седница на Соборот на делегатите на корисниците на услугите — работници и Соборот на делегатите на давателите на услугите, одржана на 27 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОСНОВИЦИТЕ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ ПРИДОНЕСИ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЛИЦАТА ВРАБОТЕНИ КАЈ ПРИВАТНИ РАБОТОДАВЦИ

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат основиците за пресметување и плаќање на придонесите за здравственото осигурување и за утврдување правата од здравственото осигурување на лицата вработени кај приватни работодавци за кои со Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението не е утврдена основица за придонес.

Член 2

Основиците за пресметување и плаќање на придонесите за здравственото осигурување и за утврдување на правата од здравственото осигурување за лицата од претходниот член изнесуваат:

1. — за лицата вработени како неквалификувани работници — 850 динари,
2. — за лицата вработени како квалификувани работници — 1.100 динари,
3. — за лицата вработени како висококвалификувани работници — 1.450 динари,
4. — за домашни помошнички — 850 динари.

Основиците се утврдени во нето износ.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се применува од 1 јануари 1975 година, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 01-391
6. декември 1974 година
Свети Николе

Претседател,
**Здравко Богатинов,** с. р.

**120.**

Врз основа на член 51 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението, член 17 став 3 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување и член 25 точка 10 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Свети Николе, Собранието на Заедницата, на седницата на Соборот на делегатите на работниците-корисници на услугите одржана на 27 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ВИСОЧИНАТА НА ИЗНОСОТ НА ПОМОШТА ЗА СПРЕМА НА СЕКОЕ НОВОРОДЕНО ДЕТЕ

I

На осигурениците, кои здравствено се осигурени според законот и самоуправните општи акти на Заедницата, им припаѓа право на помош и спрема за секое новородено дете и тоа:

1. на осигуреник — жена;

2. на осигуреник — маж во случај на породување на неговата брачна другарка која е осигурена како член на неговото семејство;

3. на осигуреник за случај на породување на било кое женско лице кое е осигурено како член на неговото семејство.

Помош за новородено дете припаѓа и во случај на породување на женско лице на семејството на кое му е обезбедена здравствена заштита поради тоа што осигуреникот се наоѓа на отслужување, односно дослужување на воениот рок.

Помош за спрема за секое наворoдено дете припаѓа и:

1. за дете родено во рок од 300 дена од денот на смртта на осигуреникот, односно од денот на разводот на бракот со осигуреникот од кого се изведува тоа право;

2. за дете на осигуреник родено надвор од брак, ако татковството е утврдено врз основа на признание или со правосилна судска пресуда;

3. за усвоено дете на возраст од 6 месеци на живот, ако за тоа дете претходно не е исплатена помош.

II

Височината на помошта за спрема на секое новородено дете изнесува 250 динари.

III

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, ќе се применува од 1 јануари 1975 година, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 01-391
23 декември 1974 година
Свети Николе

Претседател,
**Здравко Богатинов**, с. р.

**121.**

Врз основа член 9 став 1 алинеја 6, член 25 став 3 и член 26 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74) и член 25 точка 8 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Свети Николе, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 27 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ ПРИВРЕМЕНО ВОН РАБОТЕН ОДНОС

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките и износите на придонесите на здравственото осигурување на осируреницитe привремено вон работен однос за 1975 година.

Член 2

За лицата кои привремено ќе останат вон работен однос и кои во одредениот рок утврден според Законот за материјално обезбедување на привремено безработните ќе се пријават во Заедницата за вработување врз основа на што ќе имаат право на материјално обезбедување и здравствена заштита, придонесот за здравствено осигурување ќе се плаќа:

— по 7,50% од основицата на бруто износот што служи за материјално обезбедување;

— по 9,80% од основицата на нето износот што служи за материјално обезбедување.

Член 3

Основицата за пресметување и плаќање на придонесот за здравствено осигурување ја сочинува износот исплатен на име паричен надоместок на привремено безработните лица во време за кое се пресметува и исплатува придонесот за здравствено осигурување.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила по нејзиното донесување, ќе се применува од 1 јануари 1975 година, и ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 01-391
23 декември 1974 година
Свети Николе

Претседател,
**Здравко Богатинов**, с. р.

**122.**

Врз основа на член 25 точка 10 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Свети Николе, Собранието на Заедницата, на седницата од 27 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ВИСОЧИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗАКОП И ПОСМРТНА ПОМОШ НА ОСИГУРЕНИ ЛИЦА

Член 1

Во случај на смрт на осигурено лице припаѓа надоместок на трошоци за закоп и тоа:

— на личен осигуреник или член на фамилијата постар од 5 години — 1.250 динари,

— на член на фамилијата до навршени 5 години — 1.000 динари.

Член 2

Надоместок за закоп на осигурени лица надвор од подрачјето на Заедницата, ќе се исплатува спрема одлука на Заедницата на здравственото осигурување каде се врши закоп на осигуреното лице, ако е поповолно за него.

Член 3

Надоместок на трошоците за закоп на осигурено лице умрено во странство за време додека боравело таму, се определува и исплатува во висина на стварните трошоци за закоп во таа земја.

Член 4

Во случај на смрт на осигуреник им припаѓа на членовите на семејството, ако осигуреникот до својата смрт ги издржувал, посмртна помош во еднократен износ во висина од основот за надомест на личниот доход од претходната година.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се применува од 1 јануари 1975 година, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 01-391
6. декември 1974 година
Свети Николе

Претседател,
**Здравко Богатинов,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — ГОСТИВАР

**123.**

Врз основа на член 9, 24 и 25 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" број 5/74), член 102 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ" број 21/71), член 23 точка 9 и член 26 точка 4 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Гостивар, Собранието на ОЗЗЗО — Гостивар, на седницата на Соборот на делегатите — земјоделци-корисници на услугите и Соборот на делегатите на работниците од здруженот труд од здравството-даватели на услугите, одржана на 30 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ОД КАТАСТАРСКИ ПРИХОД И ПАУШАЛНИТЕ ИЗНОСИ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ЗА 1975 ГОДИНА

I

1. Стапката на придонесот од катастарскиот приход на земјоделците се одредува на 12% и тоа:

— стапката на придонесите за задолжителни видови на здравствена заштита — 7,20%,

— стапката на придонес за правата од здравствената заштита што самостојно ги утврдува Заедницата — 4,80%.

2. Паушалниот придонес по семејство кое нема сопствени приходи, а обавува земјоделска дејност изнесува 120,00 динари, од кои за задолжителни видови здравствена заштита — во износ од 72,00 динари, а на име придонес за правата што самостојно ги утврдува Заедницата — во износ од 48,00 динари.

3. Паушалниот придонес по член на домаќинство — 20,00 динари од кои:

— на име придонес за задолжителни видови на здравствена заштита — 12,00 динари,

— на име придонес за правата што самостојно ги определува Заедницата — 8,00 динари.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 02-482
30 декември 1974 година
Гостивар

Претседател,
**Сергение Гегоски,** с. р.

**124.**

Врз основа на член 9 став 1 алинеја 6 и член 26 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 5/74), а во врска со член 23 став 1 точка 9 и член 25 став 1 точка 6 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Гостивар, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Гостивар, на седницата на Соборот на делегатите на работниците — корисници на услугите и Соборот на делегатите на работниците од здружениот труд на здравството — даватели на услугите, одржана на 30 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките на придонесите за здравственото осигурување на работниците што ќе ги плаќаат обврзниците на придонесот утврдени со член 24 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување (во натамошниот текст: Законот), заради обезбедување средства на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Гостивар.

Член 2

1. Стапката на придонесот за здравственото осигурување за обврзниците на придонесот од член 24 точка 1, 2 и 3 од Законот, се утврдува на 7,30% и тоа:

— 2,70% за задолжителни видови на здравствената заштита,

— 4,60% за здравствената заштита што ја утврдува самостојно Заедницата.

Основица за пресметување и плаќање на придонесот од претходната точка е основицата утврдена со член 25 став 1 алинеја 1 и 2 од Законот.

2. Стапката на придонесот за здравственото осигурување за обврзниците на придонесот од член 24 точка 5 и 7 од Законот се утврдува на 10,24% и тоа:

— 3,80% за задолжителни видови на здравствената заштита,

— 6,44% за здравствената заштита што Заедницата сама ја утврдува.

Основица за пресметување и плаќање на придонесот од оваа точка е основицата утврдена со член 25 став 1 алинеја 4 и 6 од Законот.

3. Стапката на придонесот за здравствено осигурување за случај несреќа на работа и заболување од професионални болести се утврдува:

а) 0,50% од доходот за основните организации на здружениот труд и другите самоуправни организации од областа на стопанството, вклучувајќи ги и организациите на здружениот труд обрегистрирани како установи, распоредени во областите од 1 до 8 од Номенклатурата за распоредување на стопанските и други организации и државни органи по дејности.

Основица за пресметување и плаќање на придонесот од претходниот став е остварениот доход намален за пресметаните законски и договорни обврски, освен данокот на доход;

б) 0,50% од личниот доход за обврзниците на придонес разврстени во областите 9 и 0.

Основица за пресметување и плаќање на придонесот од претходниот став претставуваат сите парични примања според Законот за даноците на граѓаните.

Член 3

Посебниот придонес за користење здравствена заштита во странство се определува во височина од 20% од нето личниот доход, односно основицата утврдена со посебна одлука.

Посебниот придонес се пресметува одделно за секој осигурен ризик според единствени износи на придонесот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 02-470
30 декември 1974 година
Гостивар

Претседател,
**Сергение Гегоски,** с. р.

**125.**

Врз основа на член 25 став 3 од Законот за Самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 5/74), а во врска со член 23 став 1 точка 8 и член 26 став 2 точка 5 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Гостивар, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Гостивар, на седницата на Соборот на делегатите на работниците — корисници на услугите и Соборот на делегатите на работниците од здружениот труд во здравството — даватели на услугите, одржана на 30 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОСНОВИЦАТА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕС ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЛИЦА ВРАБОТЕНИ КАЈ ПРИВАТНИТЕ РАБОТОДАВЦИ

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат основиците за пресметување и плаќање на придонесите за здравственото осигурување и за утврдување на правата од здравственото осигурување на лицата вработени кај приватните работодавци за кои со Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението не е утврдена основицата за придонес.

Член 2

За вработените лица кај приватните работодавци, основицата е личниот доход договорен меѓу работодавецот и работникот, но не помалку од следните износи:

| | | |
|---|---|---|
| — за неквалификувани работници | дин. | 1000,00.— |
| — за полуквалификувани работници | „ | 1100,00.— |
| — за квалификувани работници | „ | 1300,00.— |
| — за висококвалификувани работници | „ | 1700,00.— |
| — за домашни помошнички | „ | 1000,00.— |

За ученици во стопанството, односно ученици на училиштата за квалификувани работници за кои покрај училишната се изведува и практична настава во работната организација, училиштата или кај приватниот работодавец, основица е наградата што ја прима, но не помалку од следниот износ:

| | |
|---|---|
| — за прва година | 115,00 динари |
| — за втора година | 230,00 динари |
| — за трета година | 350,00 динари |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 02-471
30 декември 1974 година
Гостивар

Претседател,
**Сергение Гегоски,** с. р.

**126.**

Врз основа на член 25 став 3 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 5/74), а во врска со член 23 став 1 точка 8 и член 25 став 1 точка 5 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Гостивар, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Гостивар, на седницата на Соборот на делегатите на работниците — корисници на услугите и Соборот на делегатите на работниците од здружениот труд во здравството — даватели на услугите, одржана на 30 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ОСНОВИЦИ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА САМОСТОЈНИТЕ ЗАНАЕТЧИИ, САМОСТОЈНИТЕ УГОСТИТЕЛИ И АДВОКАТИТЕ

I

Како основица за пресметување и плаќање на придонесот за здравствено осигурување на самостојните занаетчии, самостојните угостители и адвокатите служи даночната основица (личниот доход) од самостојно вршење на стопанска дејност утврдена за претходната година, со тоа што таа основица се смета како аконтација за тековната година.

За самостојните занаетчии, самостојните угостители и адвокатите на кои не им се утврдува даночна основица, а данокот го плаќаат во годишен паушален износ, како основица за пресметување и плаќање на придонесот за здравствено осигурување служи годишниот паушален износ на данокот од самостојно вршење на стопанска дејност во тековната година.

Основицата за пресметување и плаќање на придонесот за здравствено осигурување на самостојните занаетчии, самостојните угостители и адвокатите утврдена со претходните ставови на оваа точка не може да изнесува помалку од минималниот личен доход во Републиката за тековната година.

II

Ако даночната основица (личниот доход) е утврдена за дел од календарската година, основицата на осигурувањето се утврдува според таа даночна основица (личен доход) пресметана за цела година.

Ако даночната основица (личниот доход) не е утврдена како основица за плаќање на придонесот и определување на правата по основа на здравственото осигурување, привремено ќе се смета најниската основица на осигурувањето од точка I став 2 на оваа одлука со тоа што конечното утврдување на основицата на осигурувањето ќе се изврши кога ќе се утврди даночната основица (личниот доход), од самостојното вршење на стопанска дејност.

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 02-472
30 декември 1974 година
Гостивар

Претседател,
**Сергение Гегоски,** с. р.

**127.**

Врз основа на член 9 став 1 алинеја 8 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 5/74), член 51 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ" бр. 21/71), член 23 точка 11 и член 27 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Гостивар, Собранието на Општинската заедница, на седницата на Соборот на делегатите — корисници на услугите — работници, одржана на 30 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ВИСИНАТА НА ИЗНОСОТ НА ПОМОШТА ЗА СПРЕМА НА НОВОРОДЕНО ДЕТЕ

I

На осигурениците кои се здравствено осигурени (член 135 од Статутот на Заедницата на здравственото осигурување на работниците, „Службен весник на СРМ" бр. 44/73), им припаѓа право на помош за спрема за секое новородено дете.

II

Износот на помошта за спрема на новородено дете, која ќе се исплатува на осигурениците од средствата на работниците на територијата на Заедницата, изнесува 120,00 динари.

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 02-478
30 декември 1974 година
Гостивар

Претседател,
**Сергение Гегоски,** с. р.

# ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

**128.**

Врз основа на член 84 од Самоуправната спогодба за здружување во работната организација Радио-телевизија Скопје, а согласно член 43 став 2 и 3 од Законот за радиодифузијата, работничкиот совет на РТС, на својата седница одржана на 27 ноември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА РАДИОДИФУЗНИ ПРИЕМНИЦИ

1. Надоместокот за користење на радио-приемници (со цевки, транзисторски и др.) изнесува и тоа за:

а) граѓаните за еден радио-приемник, без оглед на бројот на радио-приемниците во потесното семејство, месечно динари 20,00;

б) организациите на здружениот труд, месните заедници, самоуправните интересни заедници, другите основни самоуправни организации и заедници, здруженијата, извршните органи на собранијата на општествено-политичките заедници, републичките секретаријати, другите републички органи на управата и републичките организации (републичка управа), општинските органи на управата, коморите, приватните угостители, како и државните органи за секој радио-приемник годишно динари 900,00;

в) организациите на здружениот труд кои вршат промет или произведуваат радио-приемници, како и секоја од нивните продавници, паушално годишно динари 900,00;

г) организациите на здружениот труд од областа на општествените дејности (од областа на здравството и социјалната заштита, на образованието и воспитувањето, на науката и културата и на спортот), општествено-политичките и општествените организации, станиците на милицијата, договорните организации на здружениот труд (занаетчиски задруги), противпожарните друштва и домови за секој радио-приемник годишно динари 240,00;

д) сервисите за поправка на радио-приемници, занаетчиските и останатите услужни дуќани, паушално годишно динари 240,00;

Сите корисници од претходниот став за користење на секој вграден радио-приемник во моторното возило плаќаат надоместок годишно динари 240,00.

2. Надоместокот за користење на телевизиски приемници изнесува и тоа за:

а) граѓаните за еден телевизиски приемник, без оглед на бројот на ТВ приемници во потесното семејство, месечно динари 80,00;

б) организациите на здружениот труд, месните заедници, самоуправните интересни заедници, другите основни самоуправни организации и заедници, здруженијата, извршните органи на собранијата на општествено-политичките заедници, републичките секретаријати, другите републички органи на управата и републичките организации (републичка управа), општинските органи на управата, коморите, приватните угостители, како и државните органи за секој ТВ приемник годишно динари 1.992,00;

в) организациите на здружениот труд кои вршат промет или произведуваат ТВ приемници, како и секоја од нивните продавници, паушално годишно динари 1.992,00;

г) организациите на здружениот труд од областа на општествените дејности (здравството и социјалната заштита, образованието и воспитувањето, науката и културата и спортот), општествено-политичките и општествените организации, станиците на милицијата, договорните организации на здружениот труд (занаетчиски задруги), противпожарните друштва и домови за секој ТВ приемник годишно динари 960,00;

д) сервисите за поправка на ТВ приемници, занаетчиските и останатите услужни дуќани, паушално годишно динари 960,00.

Сите корисници од претходниот став, за користење на секој вграден ТВ приемник во моторно возило плаќаат надоместок годишно динари 960,00.

3. Граѓаните што користат ТВ приемник не плаќаат надоместок за користење на радио-приемници.

4. Оваа одлука влегува во сила на денот на добивањето на согласноста на Извршниот совет на СР Македонија и нејзиното објавување, а ќе се применува од 1. IV. 1975 година.

5. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за висината на надоместокот за користење на радио-дифузни приемници, бр. 02-3643/1 од 29. XII. 1972 година.

Бр. 02-4551/1
4 декември 1974 година
Скопје

Претседател на
работничкиот совет на РТС,
**Љупчо Кирков,** с. р.

# Огласен дел

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОКРУЖЕН СУД ВО СКОПЈЕ

Пред Окружниот суд во Скопје се води постапка за развод на брак по тужбата на Нијази Алијевиќ од Скопје, ул. „Кримска" бр. 42, против тужената Зехра Алијевиќ, род. Грабовац, со непознато место на живеење, вредност 2.000,00 динари.

Се повикува тужената Зехра Алијевиќ, род. Грабовац, во рок од 30 дена да се јави во судот или да ја достави својата точна адреса. Во спротивно, по истекот на овој рок, ќе ѝ биде определен привремен старател кој ќе ја застапува до правосилното окончување на овој спор.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 2168/74 од 6. III. 1975 година. (43)

---

Пред Окружниот суд во Скопје е заведен спор за развод на брак, по тужбата на тужителката Лазарова Кирка од Скопје, ул. „273" бр. 17-а, против тужениот Лазаров Никола, по татко Илија, од Скопје, со стан на ул. „273" бр. 17-а, сега на привремена работа во Западна Германија, со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужениот Лазаров Никола од Скопје да се јави на овој суд или пак да ја достави својата адреса во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас. Во спротивно судот ќе му определи старател кој ќе го застапува до окончувањето на спорот.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 2409/74 (44)

---

Пред Окружниот суд во Скопје се води постапка за развод на брак по тужбата на Видиновски Радомир од Скопје, ул. „Јоаким Крчовски" бр. 2, против тужената Видиновска род. Ивановска Ратка, со непознато место на живеење во странство, вредност 2.000,00 динари.

Се повикува тужената во рок од 30 дена да се јави во судот или да ја достави својата точна адреса. Во спротивно, по истекот на овој рок, судот ќе ѝ определи привремен старател кој ќе ја застапува до правосилното окончување на овој спор, согласно член 77 од ЗПП.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 368 од 26. II. 1975 година. (45)

---

Пред Окружниот суд во Скопје е заведен спор за развод на брак од Пејчиновски Александар од Скопје, населба Чаир, зграда 62, влез II, стан 17, против тужената Пејчиновска Невена, по татко Благова, порано од Скопје, сега со непозната адреса.

Се повикува тужената Пејчиновска Невена, по татко Благова, во рок од 30 дена да се јави на овој суд или да ја достави својата адреса. Во спротивно судот ќе ѝ постави старател кој ќе ја застапува до окончувањето на спорот.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 1406/74. (42)

### ОКРУЖЕН СУД ВО БИТОЛА

Коруноска Љубица и Коруноска Пара од село Вранче, Прилеп, поднесоа тужба до овој суд за оспорување на татковство, против Коруноски Сречко од Прилеп, сега со непозната адреса, и Пројческа Вера од село Вранче.

Бидејќи тужениот Сречко е во неизвесност се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ" да се јави во овој суд или да определи свој застапник. Во спротивно на истиот ќе му биде одреден застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 750/74. (34)

---

Земјоделското стопанство „Градинар" од Охрид, поднесе до овој суд тужба за накнада на штета против Ристевски Славе од Охрид, сега со непозната адреса. Бидејќи тужениот е во неизвесност се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ" да се јави во овој суд или да определи свој застапник.

Во спротивен случај ќе му биде одреден застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 632/74. (40)

### ОКРУЖЕН СУД ВО ШТИП

Штерјо Ѓорѓиев од село Чардаклија, Штип, поднесе до овој суд тужба за развод на брак против Костадинка Ѓорѓиева, сега во неизвесност.

Бидејќи адресата и местожителството на тужената се непознати, се повикува во рок од еден месец од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ" да се јави или да одреди свој застапник. Во спротивно судот, по службена должност, го одредува за застапник Илиев Боге, приправник во Окружниот суд во Штип, и делото ќе се разгледа во негово отсуство.

Од Окружниот суд во Штип, П. бр. 438/74. (36)

### ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ I

Лицето Љубомир Иван Јорданов, роден на 28. XII. 1910 година во село Горна Ореховица, НР Бугарија, од татко Иван и мајка Анастасија, со последно местожителство во Скопје, во периодот од 1943—1944 година, а од септември 1944 година за истиот ништо не се знае.

Се повикува Љубомир Иван Јорданов, како и секој друг што знае нешто за него да се јави во Општинскиот суд Скопје I, а за околностите за животот на Љубомир Јорданов и тоа во рок од 3 месеци од објавувањето на овој оглас. Доколку во овој рок никој не се јави Љубомир Иван Јорданов ќе се прогласи за умрен.

Од Општинскиот суд Скопје I, Р. бр. 22/75. (38)

### ОПШТИНСКИ СУД ВО ТИТОВ ВЕЛЕС

Се повикува Александар Илија Нешов од Титов Велес да му се јави ако е жив на Општинскиот суд во Титов Велес.

Исто така се повикуваат и сите други лица кои нешто знаат за исчезнатото лице или за неговиот живот да го јават тоа на судот во рок од 3 месеци од објавувањето на овој оглас.

По овој рок исчезнатото лице ќе се прогласи за умрено, после спроведената постапка .

Од Општинскиот суд во Титов Велес, Впс. бр. 178/73. (41)

### ОПШТИНСКИ СУД ВО ПРИЛЕП

Пред Општинскиот суд во Прилеп се води постапка за прогласување за умрен лицето Трајко Менчевски од село Бешиште, Прилепско, кој исчезнал и за кого не се знае дали е жив.

Се повикува секое лице кое знае било што за исчезнатиот или за неговиот живот да јави на судот во рок од три месеци од објавувањето на овој оглас.

По истекот на рокот од 3 месеци исчезнатото лице судот ќе го прогласи за умрено.

Од Општинскиот суд во Прилеп, Р. бр. 1908/74. (39)

### ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Тужителите Перовски Јованче и Митревски Живко, двајцата од село Жилче, поднеле тужба за материјална штета против тужените Симјановски Тони, Симјановски Бошко, Симјановска Ангелина, Илиевски Спасо и Илиевска Зора, сите од село Жилче.

Бидејќи тужените Бошко и Анѓелина Симјановски се наоѓаат во СР Германија со непозната адреса се покануваат во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ" да се јават во судот или да одредат свој застапник. Во спротивно, ќе им биде определен законски застапник по службена должност.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 627/73. (37)

### ОПШТИНСКИ СУД ВО РЕСЕН

Пред овој суд е заведен спор за наголемување издршка по тужбата на тужителот Владе Николовски од село Долна Бела Црква, против тужените Барија, Етем и Сабрија Назифови од Долна Бела Црква, сега во САД, со непозната адреса на живеење, вредност 1.500,00 динари.

Се повикуваат тужените Барија, Етем и Сабри Назифови во рок од 30 дена од објавувањето на огласот да се јават при Општинскиот суд во Ресен или да ја соопштат нивната точна адреса. Доколку тужените не постапат по барањето во овој оглас во определениот рок, судот ќе им определи привремен застапник кој ќе ги застапува во спорот согласно чл. 77 и 78 од ЗПП.

Од Општинскиот суд во Ресен, П. бр. 117/74. (35)

# КОНКУРСИ

Работната заедница на Е. И. З. „Електровод" Скопје, врз основа на член 24 од статутот на работната организација распишува

### КОНКУРС

За директор на работната организација (ИМЕНУВАЊЕ)

Покрај со законот определените услови кандидатот треба да ги исполнува и следните услови:

1. Да има средно образование со над 15 години работен стаж од кој 5 години на раководно работно место.
2. Кон молбите кандидатите треба да достават:
— доказ за завршено образование
— доказ за работно искуство
— уверение дека не се осудувани и
— уверение дека не се под истрага

Конкурсот трае 15 дена од денот на објавувањето. (46)

Конкурсната комисија на ООЗТ Клиника за ендокринологија и болести на метаболизмот при Медицинскиот факултет — Скопје

распишува

### КОНКУРС

за пополнување на следните работни места:

1. Директор на ООЗТ Клиника за ендокринологија и болести на метаболизмот.
2. Шеф на Центарот за диабет.
3. Шеф на Единицата за интензивна нега и лабораториумот за биопсија и цитохистологија.
4. Главна медицинска сестра.
5. Одговорна медицинска сестра во Центарот за диабет.

УСЛОВИ:

Покрај општите услови предвидени со Законот за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд кандидатите треба да ги исполнуваат и посебните услови предвидени со Самоуправната спогодба за начелата, основите, критериумите и процедурата на кадровската политика на Медицинскиот факултет во услови на отворена систематизација.

Под точка 1. — да е наставник или асистент по предметот интерна медицина при Медицинскиот факултет во Скопје и со диференцирано познавање од областа на ендокринологијата.

Под точка 2 и 3 — да е наставник или асистент при Медицинскиот факултет во Скопје со диференцирано познавање од областа на ендокринологијата.

Под точка 4. — да е со виша медицинска стручна подготовка и најмалку 10 години работно искуство со болни од областа на ендокринологијата.

Под точка 5. — да е со виша медицинска стручна подготовка и најмалку 5 години работно искуство со болни од областа на ендокринологијата.

Конкурсот е отворен 15 дена од денот на објавувањето.

Молбите со потребните документи се поднесуваат до администрацијата на ООЗТ Ендокринологија и болести на метаболизмот, со назначување за конкурсната комисија. (45)

Врз основа на одлуката на работничкиот совет од 7. III. 1975 година, конкурсната комисија при ОЗТ „Уметност" — Скопје

распишува

### КОНКУРС

за работното место шеф на техничка служба

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните услови:

1. дипломиран градежен инженер или дипломиран инженер-технолог и 4 години работно искуство на раководно место;
2. градежен инженер или инженер-технолог и 6 години работно искуство на раководно работно место;
3. средно техничко училиште-градежен отсек, средно хемиско училиште и 10 години работно искуство на работно место.

Покрај овие услови кандидатите треба да поседуваат и морално-политички квалитети пропишани во самоуправната спогодба за раководни кадри во стопанството на град Скопје.

Рок на доставување на молби, што се примаат во секретаријатот на претпријатието на ул. „Наум Наумовски Борче" бр. 52 — Скопје е 15 дена од денот на објавувањето на конкурсот на огласната табла и преку средствата за јавно информирање. (44)

Конкурсната комисија при ООЗТ Реуматологија при ЗООЗТ Интерна медицина при Медицинскиот факултет — Скопје

распишува

**КОНКУРС**

за пополнување на следните работни места:

1. Лекари-приправници 2
2. Медицински сестри 3
3. Болничар 1

УСЛОВИ:

Покрај општите одредби предвидени со Законот, кандидатите треба да ги исполнуваат и следните услови:

Под точка 1. — да има завршено Медицински факултет со просек на студии над 8. Добро да познава два од светските јазици.

Под точките 2 и 3 — конкурсот важи за привремен работен однос. Конкурсот трае 15 дена од денот на објавувањето. (48)

Конкурсната комисија при ООЗТ Реуматологија при ЗООЗТ Интерна медицина при Медицинскиот факултет — Скопје

распишува

**КОНКУРС**

за пополнување на следните работни места:

1. — Директор на ООЗТ Реуматологија при ЗООЗТ Интерна медицина.
2. — Шеф на Центарот за реуматски заболувања со Лабораторија за специфична терапија.
3. — Главна медицинска сестра.
4. — Одговорна сестра за терапискиот оддел.
5. — Одговорна сестра за лаборатории.

УСЛОВИ:

Покрај општите одредби предвидени со Законот за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд, кандидатите треба да ги исполнуваат и посебните услови предвидени со Самоуправната спогодба за основите, начелата, критериумите и процедурата на кадровската политика на Медицинскиот факултет во услови на отворена систематизација.

Под точка 1 — да е наставник или асистент по предметот Интерна медицина и афирмиран стручњак од доменот на реуматологијата.

Под точка 2 — да е наставник или асистент по предметот Интерна медицина и да е афирмиран стручњак од доменот на реуматологијата.

Под точка 3 — да има виша медицинска школа и долгогодишно искуство од Интерната медицина, посебно најмалку 5 години од доменот на реуматологијата.

Под точка 4 и 5 — да има средна стручна спрема, 10 години работно искуство, од што најмалку 5 години од доменот на реуматологијата.

Конкурсот е отворен 15 дена од денот на објавувањето. Молбите со потребната документација да се доставуваат во администацијата на ООЗТ Реуматологија, со назнака „За конкурсната комисија". (47)

## СОДРЖИНА


Страна

89. Привремен деловник на Советот на Републиката — 169
90. Одлука за давање согласност на Одлуката за висината на надоместокот за користење на радиодифузни приемници — 170
91. Решение за именување претседател, секретар и членови на Републичката комисија за процена и утврдување на штети од елементарни непогоди и други општи опасности — 170
92. Правилник за работите што се во спротивност со службената должност на работник на орган за внатрешни работи — 171
93. Правилник за регистрација на запрежните возила — 171
94. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У бр. 80/74 од 25 декември 1974 година — 174

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

114. Одлука за валоризационите коефициенти за пресметување на личните доходи остварени во годините 1966, 1967, 1968, 1969, 1970, 1971, 1972 и 1973 на ниво на личните доходи од 1974 година — 175
115. Одлука за начинот и рокот за докажување на времето поминато на работа во членство на селските работни задруги, тутунските и сточарските задруги за признавање во посебен стаж — 175
116. Одлука за изменување на Одлуката за определување паушални износи на придонесот за лицата осигурени за одделни права од инвалидското осигурување — 176
117. Одлука за условите и начинот на одобрување нега за болен член од потесното семејство со право на надоместок на личен доход поради спреченост од работа на осигуреникот — 176
118. Одлука за издвојување средства во фондот за развој на здравствената служба во 1975 година — 177
119. Одлука за утврдување на основиците за пресметување и плаќање придонеси за здравственото осигурување на лицата вработени кај приватни работодавци — 177
120. Одлука за височината на износот на помошта за спрема на секое новородено дете — 178
121. Одлука за утврдување на стапката на придонесите за здравствено осигурување на осигурениците привремено вон работен однос — 178
122. Одлука за височината на надоместокот на трошоците за закоп и посмртна помош на осигурени лица — 178
123. Одлука за стапката на придонесот од катастарски приход и паушалните износи на придонесите за здравствено осигурување на земјоделците за 1975 година — 179
124. Одлука за утврдување стапките на придонесите за здравственото осигурување на работниците — 179
125. Одлука за утврдување на основицата за пресметување и плаќање на придонес за здравствено осигурување на лица вработени кај приватните работодавци — 180
126. Одлука за определување основици за пресметување и плаќање на придонесот за здравствено осигурување на самостојните занаетчии, самостојните угостители и адвокатите — 180
127. Одлука за висината на износот на помошта за спрема на новородено дете — 181

**Општи акти на самоуправните организации**

128. Одлука за висината на надоместокот за користење на радиодифузни приемници — 181


**Издавач: „Службен весник на СРМ" — издавачко претпријатие, Скопје, ул. „29 Ноември" бр. 10а. Пошт. фах 51. Тел. 32-836. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро-сметка број 40100-601-128 кај Службата на општественото книговодство. Печат Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје**